**587.**

Врз основа на член 153 став (1) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), министерот за правда донесе

## НОТАРСКА ТАРИФА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА НОТАРСКАТА ТАРИФА

Член 1

Во Нотарската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 226/16), во членот 26 точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „а предлогот се смета за неуреден“.

Член 2

Во член 27 ставот 3 се менува и гласи:

„За дејствијата за издавање на нотарски платен налог по член 68 став 3 од Законот за нотаријатот, на нотарот му припаѓа награда во износ од 10% од вредноста на вкупното побарување, но не повеќе од 500 денари.“

Ставот 4 се брише.

Член 3

Оваа тарифа влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 21-664/2
7 февруари 2019 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Рената Дескоска,** с.р.